МИТКО ЖИВКОВ СПИРОСКИ

# ЛЕШОК, МАКЕДОНИЈА - 75 ГОДИНИ СПОРТ

( фудбал, одбојка и др. )



*Фудбалерите на ФК ЛЕШОК, 09.10.1949 во Теарце, го победиле ФК ТЕАРЦЕ со 3 : 2 , во гости, фото. Спасо Милосавлевски,Лешок*

MITKO ZIVKOV SPIROSKI

# LESOK, MACEDONIA - 75 YEARS SPORT

( football, volley-ball e.t.c )

*Лешок, 25 Декември 2024, Св. Спиридон*

www.spiroski.com.mk



Митко Спироски е роден 1949 година во Лешок. Митко е син на Јорда и Живко Спироски, од родот Лалошои од Лешок, Македонија. Митко има сестра Милица и брат Мирко. Оженет е со сопругата Славица од родот Ќулавкови од Велес и во бракот имаат син Огнен и ќерка Искра и четири внучиња ( Луна, Стефан, Давид и Славица ).
Митко Спироски заврши основно училиште во Лешок, осмолетка во Теарце, Гимназија во Тетово и Економски факултет во Скопје.
После дипломирањето се вработува во Службата на општествено книговодство на Република Македонија - Централа во Скопје (СОК) и работи на економска проблематика на ниво на Македонија и потоа во Управа за јавни приходи на Македонија, при Министерството за финансии (УЈП), а посебна специјалност му се даноците односно фискалните буџетски приходи. Во УЈП работи до 1996 и од 1997 се вработува во сопствената фирма за финансиски, даночни и др. услуги ТИМ Конслатинг, Скопје, во која работи до пензионирање.
Во време на работењето во СОК и УЈП, Митко Спиросски предава на советувања и семинари на СОК и Сојузот на сметководствени и финансиски работници на Македонија (ССФРМ) и објави над 60-ет стручни написи за даночна, фискална и економска проблематика во часописите: Сметководствено-финансиска ревија, Скопје, Порески саветник, Белград, Финансијска ревија, Загреб и повеќе списанија, весници и часописи во Македонија.
Митко Спироски -Лешочки е автор на две книги за данокот на промет на производи и услуги,1990 и 1991. За заслугите во развојот на финансиите, даноците, сметководството и др. на ниво на Македонија, доделени му се златни значки и благодарници од ССФРМ на Македонија и од ССФРМ на Град Скопје.
За време на воениот конфликт 2001 година, Митко Спироски, зема активно учество за резрешување на настанатите проблеми, а посебно како претседател на Собранието на Здружението ЛЕШОК, при што во 2005 година, Здружението ЛЕШОК, ја издаде книгата: ЛЕШОК И СОСЕДНИТЕ СЕЛА, од пет автори од Лешок.
Митко Спироски последните три децении активно се посветува на истражување на материјалната и духовната култура на Лешок и околните села од Подгора, а посебно на фамилијата Спироски и родот Лалошои од Лешок, од која потекнува, за што објави и десетина книги, од кои седум книги издаде во електронска форма на ЦД Диск, а содржините на книгите се објавени на својата Веб страна: www.spiroski.com.mk, ФБ, Вибер и др.
Митко Спироски, е автор или издавач на повеќе книги (електронски и хартија): Поповската фамилија и род Спироски (Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци) од Лешок,Македонија, електронска 2009, и хартиена книга, 2024 година и тоа во два тома (ТОМ-1, 632 стр. и ТОМ-2, 588 стр.); 60 Години Спорт во Лешок, Македонија,2010; Македонски народни песни од Полог,Македонија,Електронска книга, 2010 и Хартиена книга, 2024; Родот Лалошои од Лешок,Македонија,2010; Мојата Генерација ученици 1949/50 од Лешок, Македонија,2019; Лешок од Македонија во фотографии,2020; Лешаните и Лешочкиот манастир за историјата на Македонија и Македонците (заедно со Илија Петрушевски),2022; Речник на зборови говорени во Лешок,Македонија ( Лешочки говор - Љешечки гоор), 2024, Генерација ученици 1949/50 во училиштата и Гимназија Кирил Пејчиновиќ ( Лешок, Теарце и Тетово),2024; Фамилија Јасреej од родот Лалошои од Лешок, Македонија, (заедно со Илија Јастревски), 2024 и др.
Електронската книга со наслов: 60 Години Спорт во Лешок, Македонија, ја публикува во 2010 година и ја објави на Веб сајт. Бидејќи многу лица не знаат да пристапат до сајтот, одлучив оваа, 2024 година да ја отпечатам книгата и на хартија. Со оглед дека од 2009 до 2024 година, изминаа 15 години и се објавија и неколку нови книги со содржина за Лешок, го изменив насловот на хартиената книга: Лешок, Македонија-75 години спорт, а внесов нови фотографиина, нова Библиографија и Содржина од 2024.
Оваа книга го носи датумот, 25.12.2024, празникот Св. Спиридон, името на мојот прадедо поп Спиро Онуфриевски од родот Лалошои од Лешок.
Во насловот од оваа книга, ја внесов апликацијата од омотот од ЦД-то од 2010 година, а во корицата ја внесов фотографијата од ФК ЛЕШОК, 09.10.1949 во Теарце, кога го победиле ФК ТЕАРЦЕ со 3 : 2. На секоја страна и на корицитe внесов апликација од сонцето со 12 зраци, симболот на македонскиот народ, како и крстот, кој го симболизира православното свештеничко потекло на фамилијата Спироски од родот Лалошои од Лешок.

*Лешок, **25 Декември 2024**, Св. Спиридон*

**www.spiroski.com.mk**